**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-6056/2**

# З А П И С Н И К

**Од 75-та седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 15.11.2018 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска,Снежана Клинчарова,Селпин Керим,Илир Рамадани,Анита Латифи,м-р Ристе Панов,Косана Николиќ Мазнева , Златко Јанковски и Гајур Рамадани.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека и Ивана Трајковска.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Арун Ибраими-Заменик на директорот на МРТ,Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ,Елизабета Ј Митревска-раководител на Сектор за правни работи и човечки ресурси.

Седницата започна во 13:10 часот.

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот Совет на МРТ едногласно го усвои предложениот дневен ред:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 74-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Правилник за критериуми за спроведување на оценувањето на даватели на јавни услуги и мерките за одличен и слаб ефект.

3. Разгледување и усвојување на пречистен текст на Статутот на ЈРП Македонска Радио Телевизија.

4. Разно.

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на Записникот од 74-та седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 74-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата запиникот од 74-та седница беше ставен на гласање.
Програмскиот совет едногласно **го усвои** запсиникот од 74-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА2: Разгледување и усвојување на Правилник за критериуми за спроведување на оценувањето на даватели на јавни услуги и мерките за одличен и слаб ефект.**
На почетокот воведно излагање по оваа точка имаше Елизабета Ј Митревска-раководител на Сектор за правни работи и човечки ресурси која пред присутните најпрвин ја објасни потребата од носење на еден ваков правилник а потоа и причинте од кој се носи, како и законските обврски врз кои се изготвува правилникот, со најголем акцент на делот од правилникот каде што е регулриано самото оценување на давателите на јавни услуги во МРТ, и осврт на тоа кој ќе биде бенефитот а какви и можните казни за вработените во МРТ кој се даватели на јавни услуги.
Претседателката на осветот Смилка Јанеска Саркањац најпрвин со забелешка дека ваквиот праилник може да даде голема моќ во рацете на менаџерскиот тим и да не биде заштитен работникот што не е добро, и притоа постави прашање кој точно вработени се даватели на јавни услуги во МРТ,т.е. на кој вработени ќе се однесува овоја правилник кој треба да го донесеме.Елизабета Ј Митревска и Горан Атанасов пред присутните членови на советот објаснија од кои сектори и одделенија во МРТ доаѓаат вработените кои се даватели на јавни услуги во МРТ, односно кои вработени ќе ги опфаќа овој Правилник за критериуми за спроведување на оценувањето на даватели на јавни услуги и мерките за одличен и слаб ефект.
Членот на советот Снежана Клинчарова истакна дека нејзино мислење е дека со овој правилник ќе се средат поголем дел од работите,знаеме дека во минатото скогаш во МРТ имаше годишни награди со кои се наградуваа оние кои работеле најмногу, но треба да се знае дека секогаш новинарскиот дел се гледа на дело и не може да се сокрие.
Членот на советот Гајур Рамдани во врска со правилникот истакна дека е многу сличен со оној за државните службеници и дека кај секој ќе се појавуваат само највисоки отценки.
Елизабета Ј Митревска истакна дека кај овој правлиник не е така како кај оној на државните службеници и дека тука моделот на оценување е поинаков, и нема да се јават само највисоки оценки на крајот.
Членот Златко Јанковски истакна дека главно се сложува со содржината на предложениот правилник и дека ја разбира потребата за носење на еден ваков правилник, но додаде дека истиот треба да се надгради со предлози на советот, и дека не мора да се усвојува денес на оваа седница.Златко истот така запраша кога би го усвоиле денес овој правилник кога по истиот ќе има резултати од оценувањето и дали во иднина доколку не с епокаже како најдобар може да вршиме корекции на правилникот.
Елизабета Једиковска со одоговор дека резултати од оценувањето се очекува да има одма после прваиот месец од наредната година и дека секако Програмскиот совет може да врши промени на правилникот.
Членот Ристе Панов истакана дека се согласува со предложениот правилник бидејќи како што кажа треба да ја согледаме и реалната ситуација во МРТ, и дека како совет мора да им дадеме на службите и надлежните во МРТ документ во преиодот во кој следува за да го исполнат и законскиот предвиден рок за оценување.
Во продолжение на расправата по оваа точка членот на советот Ристе Панов со предлог службите во МРТ да го доработат членот 9 од правилникот,односно да се дообјасни и да се допрецизира постапката околу жалбата на давателот на јавна услуга.
Предлогот на членот Ристе Панов беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет На МРТ.

Претседателката на советот Смилка Јанеска Саркањац по расправата го стави на гласање Правилникот за критериуми за спроведување на оценувањето на даватели на јавни услуги и мерките за одличен и слаб ефект со предложените измени.

■**Правилникот за критериуми за спроведување на оценувањето на даватели на јавни услуги и мерките за одличен и слаб ефект** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Правилникот за критериуми за спроведување на оценувањето на даватели на јавни услуги и мерките за одличен и слаб ефект со предложените измени е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разгледување и усвојување на пречистен текст на Статутот на ЈРП Македонска Радио Телевизија.**
На почетокот воведно излагање по оваа точка имаше Елизабета Ј Митревска-раководител на Сектор за правни работи и човечки ресурси која пред присутните најпрвин ја објасни потребата од изработка и донесување на пречистен текст на Статутот на МРТ,односно дека не се менува ништо ново и суштински туку треба да се вметнат двете Статутарни одлуки кои предходно беа донесени од Програмскиот совет на МРТ и претставуваат составен дел на Статутот на МРТ.
Програмскиот совет на МРТ после расправта по оваа точка донесе Заклучок:
■ Програмскиот совет на МРТ го разгледа пречистениот текст на Статутот на МРТ и донесе Заклучок со кој предлог Статутот на МРТ-(пречистен текст) се препраќа до Надзорниот одбор на МРТ на разгледување.

-По спроведеното гласање Заклучокот беше **едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 4: Разно**
Не се одржа расправа по оваа точка од Дневниот ред.

Седницата заврши во 14:30 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на ЈРП МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател